Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЕКОНОМИЈА
MINISTRIA E EKONOMISË
Бр.-Nr. 24-1072/1
21-02-2023 год.-viti
Скопје-Shkup

Друштво за производство, услуги и ...
на големо и мало РУДПРОИНГ ДООЕЛ увоз-извоз
Бр. 0302-12/1
02.03.2023 год.
Македонски Брод

Врз основа на член 39 став (11) од Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија" бр.136/12, 25/13, 93/13, 44/14, 160/14, 129/15, 192/15, 39/16, 53/16, 120/16, 189/16, 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.99/22), Одлуката за продолжување на концесијата за експлоатација на минерална суровина – калцитски мермер на Друштвото за производство, услуги и трговија на големо и мало РУДПРОИНГ ДООЕЛ увоз-извоз Македонски Брод на локалитетот „Голем Дол" општина Македонски Брод бр.41-6402/8 од 14 декември 2022 година (Службен весник на Република Северна Македонија бр.274/22) и членот 24 од Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – калцитски мермер на локалитетот „Голем Дол" општина Македонски Брод бр.24-7452/1 од 06.12.2013 година,

**1. ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**застапувана од Министерот за економија**
**Kreshnik Bekteshi**
**(во натамошниот текст: концедент)**
**и**
**2. Друштвото за производство, услуги и трговија на големо и мало РУДПРОИНГ ДООЕЛ увоз-извоз Македонски Брод**
**со адреса: Населено место без уличен систем бр.1-м.в /Бабиндол Девич, Македонски Брод**
**застапувано од лицето Драге Ѓурчиноски**
**(во натамошниот текст: концесионер)**

**на ден __________ 2022 година во Скопје, склучија:**

## А Н Е К С
## НА ДОГОВОРОТ ЗА КОНЦЕСИЈА ЗА ЕКСПЛОАТАЦИЈА НА МИНЕРАЛНА СУРОВИНА – КАЛЦИТСКИ МЕРМЕР НА ЛОКАЛИТЕТОТ „ГОЛЕМ ДОЛ" ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

### Член 1

Во Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – калцитски мермер на локалитетот „Голем Дол" општина Македонски Брод бр.24-7452/1 од 06.12.2013 година, членот 3 се менува и гласи:

### „Член 3
### Рок на важење на концесијата

Концесијата од член 2 на овој договор се доделува за период од 20 (дваесет) години".

**Член 2**

Како почеток на важење на рокот од членот 1 од овој анекс на договор се смета денот на потпишувањето на овој анекс на договор.

**Член 3**

Овој анекс на договор е составен во седум (7) еднообразни примероци, од кои по 4 (четири) примероци за Концедентот и по 3 (три) примероци за Концесионерот.

**Член 4**

Овој анекс на договор влегува во сила со денот на неговото потпишување и е составен дел на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – калцитски мермер на локалитетот „Голем Дол" општина Македонски Брод бр.24-7452/1 од 06.12.2013 година.

**Член 5**

Сите останати одредби од Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина – калцитски мермер на локалитетот „Голем Дол" општина Македонски Брод бр.24-7452/1 од 06.12.2013 година останувааt во сила, непроменети.

За Концедентот
ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕР ЗА ЕКОНОМИЈА,
Kreshnik Bekteshi

За Концесионер
Друштвото за производство, услуги и трговија на големо и мало
РУДПРОИНГ ДООЕЛ увоз-извоз
Македонски Брод
Драге Ѓурчиноски

Изработил/Përpiloi: Кика Шпритова
Контролирал/Kontrolloi: m-r Jeton Kuçi
Одобрил/ Aprovoi: Florent Çiçe
Согласен/Miratoi: м-р Размена Чекиќ Дуровиќ

## Топографска карта на концесиски простор

1:25000

Локалитет: Голем Дол-Македонски Брод

Минерална суровина: Калцитски Мермер

Површина = 0.982400 км2




| T | Y | X |
|---|---|---|
| 1 | 7523220 | 4601000 |
| 2 | 7523740 | 4601680 |
| 3 | 7524580 | 4600000 |
| 4 | 7524060 | 4600000 |